**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Ликовно образование

# за I одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I (прво) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Цртање***<br>• ***Сликање***<br>• ***Печатење***<br>• ***Пластично обликување*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства: Телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла (смарт-табла), таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди.<br>• Интернет, образовни софтвери.<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни материјали, штафелаи...).<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, посета на музеи и ликовни изложби и др.).<br>• Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни и вештачки материјали).<br>• Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.).<br>• Средства за пластично обликување (пластелин, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br>• Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.). |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• професор/воспитувач по предучилишно воспитание, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Општество и демократска култура*** и ***Техника, технологија и претприемништво.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |

| | |
|---|---|
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во  иднина; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било  основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус  итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЦРТАЊЕ***

Вкупно часови: **15**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава, разликува и користи средства за цртање;
2. црта едноставен цртеж, користејќи ги основните ликовни елементи во цртањето;
3. се претставува себе и своите најблиски преку цртеж и црта предмети и појави од околината;
4. конструира едноставни цртежи на компјутер.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Основни средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање). | • Препознава и именува различни средства и материјали за цртање.<br>• Именува подлоги и материјали за цртање.<br>• Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали. |
| • Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма). | • Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик.<br>• Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали. |
| • Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.). | • Разликува и споредува различни видови линии.<br>• Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.<br>• Самостојно конструира едноставни цртежи на компјутер (себеси, другарчето, со различни линии создава форми, на пример, круг, квадрат, триаголник, црта емотикони, сонце, дожд...). |

**Примери за активности**

- Наставникот ги покажува, опишува основните средства за цртање, ги објаснува нивните карактеристики и својства и демонстрира што и како со нив може да се нацрта.
- Учениците, поделени во мали групи, добиваат различни средства и материјали за цртање и ги класификуваат според видот.
- Учениците, користејќи различни средства и материјали за цртање се цртаат себе, најблиските – другарчињата, членовите на семејството, предмети и појави од околината, домот и училиштето, омилените ликови од приказните и песничките.
- Учениците, во мали групи, цртаат на хартија различни линии (хоризонтални, вертикални, брановидни, прави, криви, цик-цак и др.), а потоа, во рамки на групата, се движат во просторот според нацртаните линии.

- Учениците, поделени во мали групи, се договараат да креираат заеднички цртеж во кој ќе претстават предмети, појави и/или објекти од непосредната околина, а потоа го цртаат, при што секој од групата придонесува со цртање на одделен елемент од цртежот.
- Учениците цртаат со природен материјал на различни подлоги по дадени насоки од наставникот, на пример, со пластични виљушки цртаат долги, кратки, прави, криви, тенки, дебели линии.
- Учениците креираат ликовни творби со различни алатки за цртање: јаглен, молив, графит, креда, пастел...
- Учениците воочуваат сличности меѓу дланката и лист од јавор со помош на лупа и ликовно ги претставуваат со цртеж.
- Учениците се оспособуваат за креирање на едноставен цртеж на компјутер со помош на наставникот.

Тема: ***СЛИКАЊЕ***

Вкупно часови: **9**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. користи различни материјали и средства за сликање;
2. ги разликува основните бои и креативно да се изразува со нив;
3. креира едноставни слики и колажи на компјутер, употребувајќи ги основните бои.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Основни средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...). | • Препознава и именува различни подлоги, средства и материјали за сликање.<br>• Применува различни подлоги и материјали во сликањето.<br>• Прави разлика меѓу слика и колаж. |
| • Основи на ликовниот јазик во сликањето (боја, големина, форма, простор). | • Препознава и опишува слика со употреба на ликовниот јазик.<br>• Ги разликува сликарските поими и ликовните елементи. |
| • Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...). | • Ги препознава и именува основните бои и нивните нијанси.<br>• Користи основни бои и нивна моделација во сликањето.<br>• Слика познати ликови и предмети од околината (на пример, наставникот/наставничката, училницата, училишниот двор, омилен лик).<br>• Создава слика со колаж од природни и вештачки материјали.<br>• Дизајнира едноставна слика на компјутер со употреба на основните бои. |

**Примери за активности**

- Наставникот ги покажува, опишува и објаснува подлогите, средствата и материјалите за сликање (и нивните карактеристики и својства) и демонстрира што и како со нив може да се слика.

- Учениците, користејќи различни подлоги, средства и материјали сликаат ликови, предмети и појави (училиштето, училницата наставникот, ликови од приказните и сл.).
- Со помош на наставникот учениците сечат делови од хартија во боја и на лист од блок прават колаж со основните бои (пример: со кругови прават слика во црвена боја, со квадрати во сина, а со триаголници во жолта боја) и ги изложуваат на видно место.
- Учениците, поделени во групи според основните бои, формираат мини колаж од материјали исечени во различни форми и обоени во различни нијанси на „својата“ боја и го поставуваат на заеднички постер.
- Од хартија и списанија во боја учениците сечат или кинат различни форми и од нив индивидуално изработуваат колаж (по сопствен избор или на зададена тема).
- Учениците изработуваат творби од нестандардни ликовни материјали (сликање со прсти).
- Наставникот обезбедува природни и вештачки материјали (цветови, лисја, памук, пуканки, хартија во боја...) од кои учениците, поделени во групи, изработуваат дрво со употреба на соодветната боја за секое годишно време и своите изработки ги изложуваат на видно место.
- Наставникот ги воведува учениците во основните бои и нијанси со демонстрација на слики, организира игра во која ќе се добијат нијансите од основните бои: во чаша капнува црвена водена боица и со додавање вода прави посветли нијанси кои децата ги воочуваат. Постапката ја повторува и со сина и со жолта водена боица.
- Учениците самостојно мешаат водени боици (црвена, сина и жолта) со вода за да добијат потемни и посветли нијанси и ги нанесуваат на хартија.
- Наставникот организира игра *Ден-ноќ* и ги воведува учениците во сликање на денот и ноќта (светло, темно).
- Наставникот дава насоки, а учениците креативно се изразуваат и создаваат творби преку различни постапки: капење, дување, прскање, гребење, туфирање, преклопување и др.
- Учениците, по насока на наставникот, прават креации од стари шапки, чадори, текстил, фолии, газа и слично, сликајќи на нив со различни бои.
- Користејќи соковник, наставникот цеди зеленчукови и овошни плодови, добива сокови во различни бои, а учениците, користејќи ги овие природни бои ликовно се изразуваат.
- Наставникот презентира и креира различни компјутерски цртежи кои учениците ги бојат за да создадат слики на компјутер.
- Учениците на компјутер креираат слика со примена на основните бои.

Тема: ***ПЕЧАТЕЊЕ***

Вкупно часови: **5**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. избира и користи различни предмети кои премачкани со боја можат да дадат различни отпечатоци;

<table>
<tr><td colspan="2">

2. печати самостојно и да учествува во изработката на шаблони за печатење;
3. комбинира исти и различни отпечатоци за да креира шари и композиции.

</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими)</td><td>Стандарди за оценување</td></tr>
<tr><td>• Основни подлоги и материјали за печатење (печатење, подлога, материјал за печатење).</td><td>• Прави разлика меѓу различни подлоги и материјали за печатење (мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени и хартиени).<br>• Ги опишува разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги.</td></tr>
<tr><td>• Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).</td><td>• Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини.<br>• Изработува печат (шаблон) самостојно и/или со помош на друг.<br>• Прави шари со повторување на исти отпечатоци.<br>• Создава композиции со комбинирање на шаблони.</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Примери за активности**

- Наставникот покажува различни видови подлоги и материјали за печатење и демонстрира што и како со нив може да се отпечати, а потоа учениците го повторуваат истото.
- Наставникот користи мазна и рапава, бела и тонирана подлога во печатењето, а учениците ги споредуваат отпечатоците.
- Наставникот ја демонстрира разликата во отпечатоците кои се добиени со посилно и послабо удирање на печатот на подлогата, а потоа учениците вежбаат печатење.
- По дадени насоки од наставникот учениците прават отпечатоци од нивните дланки и стапала со употреба на еколошки бои.
- Учениците користат различни предмети (играчки, геометриски форми и сл.) за печатење.
- Учениците прават печати од различни материјали (пример: сунѓер, компир, лисја, цветови, плодови, сок од плодови), ги премачкуваат во различни бои и на различни подлоги (пример: текстил, пластика, дрво) прават отпечатоци и ги споредуваат.
- Учениците, по насоки од наставникот, изработуваат шари за шал, марама и сл. со повторување на ист отпечаток.
- Учениците, по насоки од наставникот, прават композиции од различни шаблони (пример: куќи, воз, автомобил, разни предмети и сл.).
- Наставникот ги фотографира изработките од секој ученик, прави композиции од нив и ги печати на печатач (по можност во боја).

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

Тема: ***ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ***

Вкупно часови**: 7**

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. избира и користи средства за моделирање и обликување;

</td></tr>
</table>

2. прави едноставни фигури од пластелин/тесто и хартија;
3. твори со разни постапки: кинење, сечење, виткање, спојување, раздвојување, превиткување, обликување.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • Основни материјали/средства за пластично обликување (глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали). | • Препознава и разликува материјали за моделирање.<br>• Идентификува природни и вештачки материјали кои можат да се користат за обликување.<br>• Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето. |
| • Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал). | • Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто).<br>• Изработува едноставни фигури од хартија (оригами).<br>• Конструира градби од рециклиран/претходно употребуван материјал. |

**Примери за активности**

- Учениците прават смеса од различен материјал (мек, тврд) и според дадените инструкции учениците истражуваат (го притискаат, влечат, тркалаат). Од тестото и/или од останатите материјали креираат соодветни форми во различна големина според намената. На пример, роденденска торта и колачи, накит, украси.
- Учениците длабат, гребат, рендаат свеќа или сапун и создаваат творби од материјалите според насоките дадени од наставникот.
- Учениците од песок, земја, вода или снег моделираат различни форми (замок, куќа, ликови од приказни, Снешко, превозни средства, животни и сл.) со кофички и пластични алатки.
- Учениците со моделирање од пластелин или глина самостојно моделираат едноставни фигури (овошје, зеленчук, возило, семафор и сл.) и заеднички прават изложба од изработките на видно место.
- Учениците со помош на наставникот прават нови облици со комбинирање на природни и вештачки материјали и предмети (пример: играчки, школки, мов, кора од стебло, семиња, лисја) оформуваат фигури (куќа, животни и др.).
- Наставникот им покажува на учениците како со превиткување на хартија во боја се прави оригами и со негова помош изработуваат вртелешки или прават цвеќиња, хартиени чаши, инсекти, животни и сл.
- Учениците од употребени пластични шишиња, пластични чаши, весници, картони, односно рециклиран/претходно употребуван материјал на кој може да му се даде нова употреба (конструираат/формираат згради, мостови, куќи и сл.).
- Учениците креираат ликовни творби по „проучување“ на внатрешниот и надворешниот простор и формите на садови, цевки, кутии (внатре/надвор, отворен/затворен, големо/мало).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимава во изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од ликовно образование со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците во текот на наставата. Се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, индивидуална, тандемска и групна работа. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);
- учеството во изработка на заеднички творби.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување.

| | |
|---|---|
| Почеток на имплементација на наставната програма | учебна 2021/2022 година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за I одделение.** | бр. 12-6200/7<br>9.4.2021 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р. |